UNIVERSITETI I EJL
ЈИЕ УНИВЕРЗИТЕТ
SEE UNIVERSITY

# КОНКУРС

**За запишување студенти на факултетите на Универзитетот на Југоисточна Европа во академската 2011/2012 година**

Врз основа на член 108 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. М. бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009 и 99/2009), Правилникот за условите и критериумите за запишување на студентите на Универзитетот на Југоисточна Европа и врз основа на одлуката на Сенатот од 12.04.2011 година, Ректорскиот совет на Универзитетот на ЈИЕ објавува:

# К О Н К У Р С

За запишување студенти во прва година на првиот и на вториот циклус на студии на факултетите на Универзитетот на ЈИЕ во Тетово во академската 2011/2012 година.

**-I-**

***СТУДЕНТИ ВО ПРВИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ (тригодишни и четиригодишни[1])***

**1. Број на студенти за редовни студии за академската 2011/2012 година**

На факултетите на Универзитетот на ЈИЕ во Тетово, во прва година на додипломски студии, во академската 2011/2021 година ќе се запишат следниов број студенти:

а. **Број на студенти за редовни студии во Тетово**[2]

| Факултети | Настава на албански јазик | Настава на македонски јазик | Настава на англиски јазик | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|---|---|---|
| **Правен факултет:** | | | | |
| - Студии по право | 100 | - | - | 650 € |
| - Студии по криминалистика и безбедност | 60 | - | - | |
| **Факултет за бизнис и економија:** | | | | |
| - Студии по бизнис администрација | 120 | 30 | 30 | 900 € |
| - Студии по економија | 50 | - | - | |
| - Студии по агробизнис | 20 | - | - | |
| - Студии по туризам | 20 | - | - | |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки:**: | | | | |
| - Студии за јавна администрација | 120 | 30 | - | 650 € |
| - Политички науки | 40 | - | - | |
| - Лидерство и младинска работа во заедницата[3] | - | - | 20 | |
| **Факултет за современи науки и технологии:** | | | | |
| - Компјутерски науки | 80 | 20 | 30 | 900 € |
| - Компјутерско инженерство | - | - | 30 | 1000 € |
| - Бизнис информатика | - | - | 80 | |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација:** | | | | |
| - Албански јазик и литература | 25 | | | 650 € |
| - Англиски јазик и литература | 130 | | | |
| - Германски јазик и литература | 25 | | | |
| - Комуникациски студии | 25 | - | - | |

[1] *Студентите од студиските програми по право, бизнис администрација, политички науки, компјутерски науки, албански јазик, англиски јазик, германски јазик и компјутерски науки, по завршување на тригодишните студии од првиот циклус (тие кои ќе добијат диплома за завршување на првиот циклус), доколку сакаат можат да продолжат со една дополнителна година и по завршување на таа година тие ќе се здобијат со диплома за завршување на првата година на студии со 240 ЕКТС.*

[2] *Програмите кои се реализираат на англиски јазик за меѓународни студенти (надвор од соседните држави) имаат цена на студии од 1000 € по семестар.*

*3 Програмата се реализира во соработка со Универзитетот Јончепинг –Шведска*

## Број на студенти за редовни студии во Скопје [4]

| Факултети | Бр. на студенти со настава на албански јазик | Бр. на студенти со настава на македонски јазик | Бр. на студенти со настава на англиски јазик | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|---|---|---|
| **Правен факултет:** | 40 | 40 | - | 650 € |
| **Факултет за бизнис и економија:** | | | | |
| - Студии по бизнис администрација | - | - | 25 | 1000 € |
| - Информациски системи и менаџмент [5] | - | - | 20 | - € [4] |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки:** | | | | |
| -Студии за јавна администрација | 25 | 25 | - | 650 € |
| -Политички науки | - | 25 | - | |
| **Факултет за современи науки и технологии:** | | | | |
| - Бизнис информатика | - | - | 25 | 1000 € |
| - Компјутерски науки | - | - | 25 | |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација:** | | | | |
| - Комуникациски студии | - | 20 | - | 650 € |

2. **Број на студенти за вонредни студии (програма од дистанца)**

На факултетите на Универзитетот на ЈИЕ во прва година на додипломски студии, во академската 2011/2012 година ќе се запишат одреден број вонредни студенти- 30% од вкупниот број редовни студенти предвидени во Конкурсот, на следниве студиски програми:

a. **Вонредни студии во Тетово**

| факултети | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|
| **Правен факултет** | 450 € |
| **Факултет за бизнис и економија:**<br>- Студии по бизнис администрација | 650 € |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки:**<br>- Студии за јавна администрација<br>- Политички науки | 450 € |
| **Факултет за современи науки и технологии**<br>- Компјутерски науки | 650 € |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација**<br>- Англиски јазик и литература | 450 € |

**б. Вонредни студии во Скопје**

| Факултети | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|

[4] *Студентите кои ќе студираат во Скопје еден ден во неделата ќе одржуваат предавања на Универзитетскиот кампус во Тетово.*

[5] *Оваа студиска програма се развива во соработка со Лондонскиот универзитет – надворешна програма. По завршувањето на студиите студентите ќе добијат двојна диплома –две дипломи (од Лондонскиот факултет по економија и од ЈИЕУ). Критериумите за упис се посебно предвидени во Конкурсот. Студиите се реализираат на англиски јазик.*

.

| | |
|---|---|
| **Правен факултет** | 450 € |
| **Факултет за бизнис и економија:**<br>- Студии по бизнис администрација | 650 € |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки:**<br>- Студии за јавна администрација | 450 € |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација**<br>- Комуникациски науки | 450 € |

***Вонредни студии според програмата од дистанца*** - независни студии во согласност со универзитетските стандарди и упатства. Режимот на студии е следен:

- На почетокот на семестарот студентите имаат воведно предавање со професорите од соодветната област.
- Предметите за вештини (на пр. Англиски јазик и ИТ-вештини ќе се организираат со редовни предавања, еднаш во две недели, по работното време, според нивото на знаење).
- Преку системот за електронско управување со наставата *„Libri"* (libri.seeu.edu.mk), ќе добиваат инструкции за наставата, критериумот на оценување, потребните материјали и ќе имаат можност да учествуваат на електронски форуми.
- На крајот на семестарот ќе се организира интензивен семинар со професорите на соодветните предмети.

*ЗАБЕЛЕШКА: ( за дел 1 и 2 )*

- Во случај да се пријават поголем број кандидати од бројот предвиден со овој Конкурс и доколку се оцени дека тие ги исполнуваат бараните критериуми за запишување на ЈИЕУ, тогаш Ректорскиот Совет може да одлучи да прими до 10% повеќе студенти од предвидениот број од Конкурсот.

- Во случај да се пријават помалку од 20 кандидати за одредена студиска програма Универзитетот има право да не започнува со настава за соодветната студиска програма, а на пријавените кандидати да им понуди можност да се запишат на некоја друга студиска програма.

- Правилата за студирање за сите студенти се објавени во „***Збирка на правни одредби за управување и режим на студии***". Оваа збирка е достапна на веб-страницата на Универзитетот.

### 3. Некои аспекти за критериумите и за периодите за упис

**Услови и критериуми за запишување на редовни и на вонредни студенти**

(а) Право на запишување на додипломски студии имаат кандидатите со завршено средно четиригодишно образование (нострифицирана)[6], или образование адекватно на тоа и кои ја имаат положено државната матура.

(б) Доколку во првиот уписен рок не се пополни бројот на студенти предвиден со овој Конкурс, тогаш право за запишување во вториот уписен рок ( освен оние што ја положиле државната матура) имаат и кандидатите од гимназиите кои ја положиле училишната матура и кандидатите од средните професионални училишта кои го положиле државниот испит.

(в) Кандидатите кои имаат завршено четиригодишно средно образование или образование адекватното на тоа пред 2008 година, имаат право да се запишат само врз основа на успехот од средно училиште.

(г) Кандидатите кои имаат завршено четиригодишно средно образование или образование адекватно на тоа надвор од Република Македонија имаат право да се запишат само врз основа на успехот од средно училиште. Тие во меѓувреме треба да ги нострифицираат дипломата и свидетелствата во Министерството за образование и наука на РМ.

(д) Вреднувањето на успехот од средно образование, државната матура и од училишната матура за учениците од општите гимназии, или завршниот испит за тие што имаат завршено средно

[6] *Кандидатите кои завршиле надвор од Р. Македонија, според Законот за високо образование се обврзани во рок од шест месеци да ја нострифицираат дипломата во Министерството за образование на РМ. За евентуален негативен одговор или за не добивање одговор, на кандидатот ќе му се прекинат студиите без никаква одговорност од страна на ЈИЕУ.*

професионално училиште (за кандидатите во вториот уписен рок), се изразува во поени. Врз основа на поени ќе се изврши редоследот на примени кандидати.

(е) Кандидатите се запишуваат како редовни или како вонредни студенти со финансирање на студиите.

(ж) Предност при запишувањето на вонредни студии ќе имаат кандидатите кои се во работен однос и кои имаат подобар успех од средното образование. Вработените треба да го документираат својот статус.

(з) Кандидатите ќе бидат тестирани за нивните знаења за степенот на познавање на англискиот јазик. Ова тестирање нема елиминаторен карактер за програмите со настава на албански и на македонски јазик, но е потребено само за одредување на степенот на познавање на англискиот јазик. За програмите со настава на англиски јазик ова тестирање има елиминаторен карактер. Упатствата и минималните критериуми за тестирањето ќе се објават дополнително на веб - страницата на Универзитетот.

**Режим на студии**

Режимот на студии кој кандидатот го избира во фазата на пријавување останува до завршувањето на студиите без можност за промена.

**Вреднување на успехот**

Вреднувањето на успехот од средно образование и од државната матура се изразува во поени. Вреднувањето на успехот ќе се изврши според два критериуми:
- успехот од средното училиште ( гимназија или стручно средно образование) и
- успехот од државната матура.

**4. Рокови за пријавување и запишување**

Заинтересираните кандидати можат да се пријават пред периодот предвиден за упис, почнувајќи од 28 март до 17 август. Кандидатите кои ќе се пријават пред полагање државна матура, го задржуваат правото да студираат на програмата за која се пријавиле, имајќи предвид дека студиските програми се конкурентни и не можат да се пријават поголем број кандидати од бројот предвиден во Конкурсот за упис. Овие кандидати треба да ги достават документите наведени во точките: 1, 2, 3 ( за оние за кои е применливо), 4 (само свидетелствата за трите завршени години), 6 и 7.

Уписот на овие кандидати ќе биде официјален по доставувањето на комплетната документација.

**Пријавување кандидати**

Сите кандидати кои ги исполниле условите предвидени во Конкурсот имаат право да се пријавуваат. Кандидатите треба да ги достават сите документи наведени во делот III, во објектот 802 во Универзитетскиот кампус, или преку пошта:

Универзитет на Југоисточна Европа
Илинденска бб
1220 Тетово, Македонија
Телефони за контакт: 044 356 091/044 356 188

---

**Документи за пријавување запишување за сите кандидати**

Сите кандидати кои аплицираат во академската 2011/2012 година е потребно да ја достават следнава документација:

1. Пополнет формулар (кој може да се земе во просториите на Универзитетот или преку официјалната веб - страница на Универзитетот- www.seeu.edu.mk) и уплатница (ПП10) во износ од 1500 денари.

СТОПАНСКА БАНКА

Жиро сметка: 200-000877547449
Даночен број: 4028003134292

2. Лична биографија во вид на есеј. Во овој есеј треба да бидат изложени причините поради кои кандидатот аплицира на Универзитетот на ЈИЕ и кои се неговите/нејзините очекувања.
3. Оригинална диплома за завршено средно образование (за студентите кои го имаат завршено средното образование пред 2008 година или надвор од Р. Македонија).
4. Свидетелства од сите години (или копии заверени на нотар).
5.Уверенија од резултатите од државната матура, односно од училишна матура или од завршниот испит.
6. Извод од матична книга на родени.
7. Фотокопија од лична карта или од пасош.

***-II-***

***УПИС НА СТУДЕНТИ ВО ВТОРИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ВО АКАДЕМСКАТА 2011/2012 ГОДИНА***

***Упис на студенти во вториот циклус на студии (последипломски) двегодишни студии, според моделот 3+2 на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во академската 2011/2012 година***

**Студиски програми во Тетово**

Двегодишни студиски програми од вториот циклус на студии (последипломски студии) кои ќе се понудат во академската 2011/2012 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Тетово се следни:

| Факултети | Бр. на студенти | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|---|
| **Правен факултет:** | | |
| - Студии по кривично право | 30 | 900 € |
| - Студии по граѓанско право | 30 | |
| - Меѓународни односи[7] | 20 | |
| -Студии по безбедност | 20 | |
| **Факултет за бизнис и економија:** | | |
| - Финансии и сметководство | 50 | 900 € |
| - Менаџмент | 25 | |
| - Менаџмент во здравство | 20 | |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки:** | | |
| - Студии за јавна администрација | 20 | 900 € |
| - Политички науки | 20 | |
| **Факултет за современи науки и технологии:** | | |
| - Менаџирање бази на податоци[6] | 20 | 900 € |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација:** | | |
| - Студии по англиски јазик - наставна насока | 60 | 900 € |
| - Студии по германски јазик | 15 | |
| - Албански јазик и литература | 15 | |
| - Студии по настава | 15 | |

**Студиски програми во Скопје**[8]

Двегодишни студиски програми од вториот циклус на студии (последипломски студии) кои ќе се понудат во академската 2011/2012 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Скопје се следни:

| Факултети | Бр. на студенти | Цена на студии |
|---|---|---|

*7 Програмата се реализира на англиски јазик.*
8 *Студентите кои ќе студираат во Скопје еден ден во неделата ќе одржуваат предавања на Универзитетскиот кампус во Тетово.*

| | | (за семестар) |
|---|---|---|
| **Правен факултет:** | | |
| - Меѓународно прваво | 20 | 900 € |
| **Факултет за бизнис и економија:** | | |
| - Претрпиемништво и локален економски развој | 15 | 900 € |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки:** | | |
| - Студии по дипломатија | 25 | 900 € |
| **Факултет за современи науки и технологии:** | | |
| - Бизнис информатика [6] | 30 | 900 € |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација:** | | |
| - Односи со јавност и маркетинг комуникација | 25 | 900 € |

- Во случај да се пријават помалку од 15 кандидати во студиската програма Универзитетот има право да не започне со соодветната студиска програма, а на пријавените кандидати ќе им понуди можност да се запишат на некоја друга студиска програма.

**2.** ***Упис на студенти во вториот циклус на студии (последипломски) трисеместрални студии, според моделот 4+1 на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во академската*** **2011/2012** ***година***

**Студиски програми во Тетово**

Трисеместрални студиски програми од вториот циклус на студии (последипломски студии) кои ќе се понудат во академската 2011/2012 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Тетово се следни:

| Факултети | Бр. на студенти | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|---|
| **Факултет за бизнис и економија:** | | |
| - Финансии | 25 | 900 € |
| - Менаџмент | 25 | |
| **Факултет за јавна администрација и политички науки:** | | |
| - Студии по дипломатија | 25 | 900 € |
| **Факултет за современи науки и технологии:** | | |
| Развој на софтвер и апликации | 20 | 900 € |

**Студиски програми во Скопје** [9]

Трисеместрални студиски програми од вториот циклус на студии (последипломски студии) кои ќе се понудат во академската 2011/2012 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Скопје се следни:

| Факултети | Бр. на студенти | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|---|
| **Правен факултет:** | | |
| - Студии по кривично право | 25 | 900 € |
| - Студии по граѓанско право | 25 | |

Во случај да се пријават помалку од 15 кандидати во студиската програма Универзитетот има право да не започне со соодветната студиска програма, а на пријавените кандидати ќе им понуди можност да се запишат на некоја друга студиска програма.

***-III-***

**УПИС НА СТУДЕНТИ ВО АКАДЕМСКА 2010/2011ГОДИНА,**

[8] *Студентите кои ќе студираат во Скопје еден ден во неделата ќе одржуваат предавања на Универзитетскиот кампус во Тетово.*

## СПОРЕД МОДЕЛОТ *“ON-LINE”*[10]

Студиски програми кои ќе се понудат во академската 2011/2012 год. на факултетите на ЈИЕ Универзитетот во Тетово, ***според моделот “on-line”***, се следниве:

| Факултети | Бр. на студенти | Цена на студии (за семестар) |
|---|---|---|
| **Факултет за современи науки и технологии:** | | |
| *Прв циклус* – Компјутерски науки[11] | 20 | 650 € |
| *Втор циклус*– Бизнис информатика[9] | 20 | 650 € |
| **Факултет за јазици, култури и комуникација:** | | |
| - Студии по англиски јазик - наставна насока | 20 | 650 € |

Сите услуги за оваа уникатна програма од почетокот до завршувањето на студиите ќе бидат *on-line*. Повеќе информации во врска со оваа програма се објавени на веб - страницата на Универзитетот.

### Познавање на јазиците

Сите студиски програми и во двата конкурса за вториот циклус на последипломски студии (според двегодишниот и според трисеместралниот модел) се нудат на албански и на македонски јазик, освен обележените програми, кои ќе се нудат само на англиски или на француски јазик. Меѓутоа, Универзитетот има право да понуди дел од предавањата или од предметите на англиски јазик, затоа познавањето на албанскиот, македонскиот и на англискиот јазик е потребно, а познавањето на најмалку два од горенаведените јазици на академско ниво е неопходно.

За студиските програми со настава на англиски јазик ќе се организира тестирање за познавање на англискиот јазик. Минималниот број бодови е услов за упис во овие студиски програми. Упатствата и материјалите за ова тестирање ќе се објават на веб - страницата на Универзитетот.

### Услови и критериуми за запишување на редовни студенти

1. Право на запишување на последипломски студии според моделот 3+2 (двегодишен) имаат кандидатите, кои имаат универзитетска диплома од првиот циклус (нострифицирана)[12] или адекватна на тригодишни студии (180 ЕКТС) и четиригодишни студии (240 ЕКТС).
2. Право на запишување на последипломски студии според моделот 4+1 (трисеместрален) имаат кандидатите, кои имаат универзитетска диплома од првиот циклус (нострифицирана), или адекватна на четиригодишни студии (240 ЕКТС).
3. Предметите ќе бидат редовни и модуларни според моделот: 50% од наставната програма од одредениот факултет ќе се нуди редовно додека другиот дел од наставната програма ќе биде со самостојни студии (водени од предавачите). Редовните предмети ќе се понудат секоја недела и тоа во четврток и во петок по 16:00, во сабота од 8:00 за да им одговараат и на вработените кандидати. Во однос на модуларните предмети (со професори од странство), предавањата ќе бидат интензивни.
4. Предност ќе имаат студентите со просек на оценки од првиот циклус на судии 8.00 или поголем.

---

[10] *Програмите кои се реализираат на англиски јазик за меѓународни студенти (надвор од соседните земји) имаат цена на студии од 1000 € по семестар.*

[11] *Наставата ќе се одржи на англиски јазик*

[12] *Кандидатите кои дипломирале надвор од Р. Македонија, според Законот за високо образование се обврзани во рок од шест месеци да ја нострифицираат дипломата во Министерството за образование на РМ. За евентуален негативен одговор или за не добивање одговор, на кандидатот ќе му се прекинат студиите без никаква одговорност од страна на ЈИЕУ.*

5. Доколку во некоја од студиските програми нема да се пријават доволен број кандидати, во тој случај нема да се организира настава за истата програма.
6. Во случај кога кандидатот завршил прв циклус на студии во несоодветна програма - струка во однос на студиската програма на која конкурира, тогаш, Комисија од соодветниот Факултет ќе ги определи условите за дополнителните критериуми потребни за дополнување на предзнаењата за упис во новата студиска програма од втор циклус.

## Рокови за пријавување и за запишување на студии од вториот циклус (последипломски) двегодишни според моделот 3+2 и 4+1

Пријавувањето на кандидатите со соодветна документација се врши од 14 јуни до 14 септември 2011 година.

Сите кандидати кои ги исполниле условите предвидени во Конкурсот имаат право да се пријавуваат.

За подетални информации контактирајте ја Канцеларијата за последипломски студии:

Универзитет на Југоисточна Европа
Илинденска бб
1220 Тетово, Македонија
Телефони за контакт: 044-356 081